# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Број 107 Год. LXI Петок, 9 декември 2005 Цена на овој број е 220 денари**

**www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk**

## СОДРЖИНА

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1457. | **Одлука** за прогласување на амандманите XX, XXI, XXII, XXIII, XXIV, XXV, XXVI, XXVII, XXVIII, XXIX и XXX на Уставот на Република Македонија | 2 |
| 1458. | **Одлука** за прогласување на Уставниот закон за спроведување на амандманите од XX до XXX на Уставот на Република Македонија | 2 |
| 1459. | **Одлука** за разрешување од функцијата главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија | 4 |
| 1460. | **Одлука** за избор на главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија | 4 |
| 1461. | **Одлука** за разрешување од функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Свети Николе | 4 |
| 1462. | **Одлука** за разрешување од функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Тетово | 4 |
| 1463. | **Одлука** за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Скопје | 4 |
| 1464. | **Одлука** за именување заменици на јавните обвинители на вишите јавни обвинителства во Скопје и Штип | 5 |
| 1465. | **Одлука** за именување јавни обвинители на основните јавни обвинителства во Берово и Штип | 5 |
| 1466. | **Одлука** за именување заменици на јавните обвинители на основните јавни обвинителства во Велес, Гостивар, Дебар, Кавадарци, Кичево и Скопје | 5 |
| 1467. | **Одлука** за именување заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци | 5 |
| 1468. | **Одлука** за изменување на Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија | 6 |
| 1469. | **Одлука** за изменување на Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка | 6 |
| 1470. | **Одлука** за огласување избор на судии на основните судови во Скопје I - Скопје и Битола | 6 |
| 1471. | **Одлука** за пренесување на користење и управување на инфраструктура за наводнување на Водната заедница „Марена“ - с. Марена, општина Кавадарци | 6 |
| 1472. | **Одлука** за пренесување на користење и управување на инфраструктура за наводнување на Водната заедница „Виларов“ - Неготино | 7 |
| 1473. | **Одлука** за пренесување на користење и управување на инфраструктура за наводнување на Водната заедница „Душан Ќириќ“ - Росоман | 7 |
| 1474. | **Одлука** за пренесување на користење и управување на инфраструктура за наводнување на Водната заедница „ХС Демир Капија“ - Демир Капија | 7 |
| 1475. | **Правилник** за поблиско определување на градби по одделни категории на градби | 8 |
| 1476. | **Методологија** за утврдување на цената на водата за пиење и одведување на урбани отпадни води | 9 |
| | **Објава** за трошоците на живот за месец ноември 2005 година | 10 |
| | **Огласен дел** | **1-52** |

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**1457.**

Врз основа на член 131 став 5 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 7 декември 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ XX, XXI, XXII, XXIII, XXIV, XXV, XXVI, XXVII, XXVIII, XXIX И XXX НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласуваат амандманите XX, XXI, XXII, XXIII, XXIV, XXV, XXVI, XXVII, XXVIII, XXIX и XXX на Уставот на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија ги донесе на седницата одржана на 7 декември 2005 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4542/1
7 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

## А М А Н Д М А Н И
## XX, XXI, XXII, XXIII, XXIV, XXV, XXVI, XXVII, XXVIII, XXIX И XXX НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Овие амандмани се составен дел на Уставот на Република Македонија и влегуваат во сила со денот на нивното прогласување.

### АМАНДМАН XX

1. За прекршоци определени со закон, санкција може да изрече орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања.

Против конечна одлука за прекршок се гарантира судска заштита под услови и постапка уредени со закон.

2. Со овој амандман се дополнува членот 13 од Уставот на Република Македонија.

### АМАНДМАН XXI

1. Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд.

Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

2. Со овој амандман се заменува членот 15 на Уставот на Република Македонија.

### АМАНДМАН XXII

1. Предлага двајца членови на Судскиот совет на Република Македонија.

2. Со овој амандман се заменува алинејата 5 на членот 84 од Уставот на Република Македонија.

### АМАНДМАН XXIII

1. Претседателот ужива имунитет. За неговиот имунитет одлучува Собранието.

2. Со овој амандман се заменува ставот 3 на членот 89 од Уставот на Република Македонија.

### АМАНДМАН XXIV

1. Предлага Јавен обвинител на Република Македонија по претходно мислење од Советот на јавни обвинители.

2. Со овој амандман се заменува алинејата 12 на членот 91 од Уставот на Република Македонија.

### АМАНДМАН XXV

1. Судската власт ја вршат судовите.

Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Забранети се вонредни судови.

Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

2. Со точката 1 на овој амандман се заменува членот 98 од Уставот на Република Македонија.

### АМАНДМАН XXVI

1. На судијата му престанува судиската функција:
- ако тоа сам го побара;
- ако трајно ја загуби способноста за вршење на судиската функција, што го утврдува Судскиот совет на Република Македонија;
- ако ги исполни условите за старосна пензија;
- ако е осуден со правосилна судска пресуда за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеца и
- ако е избран или именуван на друга јавна функција, освен кога судиската функција мирува под услови утврдени со закон.

Судијата се разрешува:
- поради потешка дисциплинска повреда што го прави недостоен за вршење на судиската функција пропишана со закон и
- поради нестручно и несовесно вршење на судиската функција под услови утврдени со закон.

2. Со точката 1 на овој амандман се заменува ставот 3 на членот 99 од Уставот на Република Македонија.

### АМАНДМАН XXVII

1. Судија не може да биде повикан на кривична одговорност за искажано мислење и одлучување при донесувањето на судските одлуки.

Судија не може да биде притворен без одобрување на Судскиот совет на Република Македонија, освен ако е затечен во вршење на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.

2. Судиската функција е неспојлива со членување во политичка партија или со вршење на друга јавна функција или професија утврдена со закон.

3. Со точката 1 на овој амандман се заменува ставот 2 на членот 100 од Уставот на Република Македонија, а со точката 2 на овој амандман се заменува ставот 3 на членот 100 од Уставот на Република Македонија.

### АМАНДМАН XXVIII

1. Судскиот совет на Република Македонија е самостоен и независен орган на судството. Советот ја обезбедува и ја гарантира самостојноста и независноста на судската власт.

Советот го сочинуваат петнаесет члена.

По функција членови на Советот се претседателот на Врховниот суд на Република Македонија и министерот за правда.

Осум члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Тројца членови на Советот избира Собранието на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Двајца членови на Советот предлага претседателот на Република Македонија, а изборот го врши Собранието на Република Македонија, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Членовите на Советот што ги избира Собранието на Република Македонија, односно што ги предлага претседателот на Република Македонија се од редот на универзитетските професори по право, адвокатите и други истакнати правници.

Мандатот на избраните членови на Советот трае шест години, со право на уште еден избор.

Условите и постапката за избор, како и основите и постапката за престанок на функцијата и разрешување на член на Советот се уредуваат со закон.

Функцијата избран член на Советот е неспојлива со членување во политичка партија или со вршење на други јавни функции и професии утврдени со закон.

2. Со овој амандман се заменува членот 104 од Уставот на Република Македонија.

## АМАНДМАН XXIX

1. Судскиот совет на Република Македонија:
- ги избира и разрешува судиите и судиите поротници;
- утврдува престанок на судиската функција;
- ги избира и разрешува претседателите на судовите;
- ја следи и оценува работата на судиите;
- одлучува за дисциплинската одговорност на судиите;
- одлучува за одземање на имунитетот на судиите;
- предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија од редот на судиите и
- врши други работи утврдени со закон.

При изборот на судиите, судиите поротници и претседателите на судовите ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

Советот за својата работа поднесува годишен извештај до Собранието на Република Македонија, чија форма, содржина и начин на усвојување се уредуваат со закон.

2. Со овој амандман се заменува членот 105 од Уставот на Република Македонија и се брише алинејата 15 на ставот 1 на членот 68 од Уставот на Република Македонија.

## АМАНДМАН XXX

1. Јавното обвинителство ги врши своите функции врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Функцијата на јавното обвинителство ја вршат Јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители.

Надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и функционирањето на јавното обвинителство се уредува со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Јавниот обвинител на Република Македонија го именува и разрешува Собранието на Република Македонија за време од шест години со право на повторно именување.

Јавните обвинители ги избира Советот на јавни обвинители без ограничување на траење на мандатот.

При изборот на јавните обвинители ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници.

За разрешување на јавните обвинители одлучува Советот.

Надлежноста, составот и структурата на Советот, мандатот на неговите членови, како и основите и постапката за престанок и разрешување на член на Советот се уредуваат со закон.

Основите и постапката за престанок и разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија и јавните обвинители се уредува со закон.

Функцијата Јавен обвинител на Република Македонија и јавен обвинител е неспојлива со членување во политичка партија или со вршење на други јавни функции и професии утврдени со закон.

Се забранува политичко организирање и дејствување во Јавното обвинителство.

2. Со овој амандман се заменуваат ставовите 2 и 3 на членот 106 од Уставот на Република Македонија и се брише членот 107 од Уставот на Република Македонија.

---

**1458.**

Врз основа на член 133 став 3 од Уставот на Република Македонија, Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 7 декември 2005 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА УСТАВНИОТ ЗАКОН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ ОД XX ДО XXX НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Се прогласува Уставниот закон за спроведување на амандманите од XX до XXX на Уставот на Република Македонија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 7 декември 2005 година.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4543/1
7 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

## УСТАВЕН ЗАКОН
## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АМАНДМАНИТЕ ОД XX ДО XXX НА УСТАВОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Амандманите од XX до XXX на Уставот на Република Македонија се применуваат од денот на прогласувањето од Собранието на Република Македонија, ако за примената на некои одредби од Амандманите со овој уставен закон поинаку не е определено.

Член 2

Најдоцна до 30 јуни 2006 година ќе се донесат:
- Законот за Судски совет на Република Македонија;
- Законот за судовите и
- Законот за прекршоците.

Член 3

Најдоцна во рок од девет месеца од денот на прогласувањето на Амандмани од XX до XXX на Уставот на Република Македонија ќе се донесат:
- Законот за изменување и дополнување на Законот за јавното обвинителство и
- Законот за изменување и дополнување на Законот за Владата на Република Македонија.

Најдоцна во рок од 18 месеца од денот на прогласувањето на Амандманите од XX до XXX на Уставот на Република Македонија, ќе се усогласат законите врз

основа на кои орган на државната управа или организација и друг орган, што врши јавни овластувања, можат да изрекуваат санкции за сторен прекршок.

Член 4

До влегувањето во сила на Законот за судовите и Законот за Судскиот совет на Република Македонија, изборот и разрешувањето на судиите ќе се врши според Законот за судови (“Службен весник на Република Македонија” број 36/95, 45/95 и 64/2003) и Законот за Републичкиот судски совет (“Службен весник на Република Македонија” број 80/92, 50/99 и 43/2003).

Член 5

До усогласувањето на Законот за јавното обвинителство со амандманите XXIV и XXX јавните обвинители ќе се избираат согласно со Законот за јавното обвинителство (“Службен весник на Република Македонија” број 38/2004).

Член 6

До усогласувањето на Законот за Владата на Република Македонија со Амандманот XXIII, за имунитетот на претседателот и министрите ќе се одлучува согласно со Законот за Владата на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” број 59/2000, 12/2003 и 55/2005).

Член 7

Овој уставен закон за спроведување на Амандманите од XX до XXX на Уставот на Република Македонија го прогласува Собранието на Република Македонија и влегува во сила истовремено со прогласувањето на Уставните амандмани.

---

**1459.**

Врз основа на член 13 ставови 4 и 5 алинеја 2 од Законот за државната ревизија ("Службен весник на Република Македонија" број 65/97, 70/2001, 31/2003 и 19/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ГЛАВЕН ДРЖАВЕН РЕВИЗОР НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

1. Од функцијата главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија се разрешува Методија Тошевски, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07 - 4510/1
6 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**1460.**

Врз основа на член 13 став 4 од Законот за државната ревизија ("Службен весник на Република Македонија" број 65/97, 70/2001, 31/2003 и 19/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ИЗБОР НА ГЛАВЕН ДРЖАВЕН РЕВИЗОР НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

1. За главен државен ревизор на Државниот завод за ревизија, се избира Драгољуб Арсовски, доктор по економски науки.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07- 4509/1
6 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**1461.**

Врз основа на член 58 став 1 точка 3 од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО СВЕТИ НИКОЛЕ

1. Од функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Свети Николе се разрешува Драги Златев, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07- 4511/1
6 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**1462.**

Врз основа на член 58 став 1 точка 3 од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ ВО ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО ТЕТОВО

1. Од функцијата јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Тетово се разрешува Борис Милосавлевски, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07- 4512/1
6 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**1463.**

Врз основа на член 58 став 1 точка 3 од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ФУНКЦИЈАТА ЗАМЕНИК НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ ВО ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО ВО СКОПЈЕ**

1. Од функцијата заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство - Скопје се разрешува Владимир Марина, поради исполнување услови за старосна пензија.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07- 4513/1
6 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**1464.**

Врз основа на член 42 став 1 од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА ВИШИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА ВО СКОПЈЕ И ШТИП**

1. За заменици на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство во Скопје, се именуваат:

Јелица Медарска и

Елези Ферат.

2. За заменик на јавниот обвинител во Вишото јавно обвинителство во Штип се именува Методи Иванов.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07- 4514/1
6 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**1465.**

Врз основа на член 42 став 1 од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА ОСНОВНИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА ВО БЕРОВО И ШТИП**

1. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Берово, се именува Златко Биковски.

2. За јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Штип, се именува Стојче Миланов.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07- 4515/1
6 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

**1466.**

Врз основа на член 42 став 1 од Законот за Јавното обвинителство ("Службен весник на Република Македонија" број 38/2004), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИЦИ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ НА ОСНОВНИТЕ ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛСТВА ВО ВЕЛЕС, ГОСТИВАР, ДЕБАР, КАВАДАРЦИ, КИЧЕВО И СКОПЈЕ**

1. За заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Велес, се именува Ивица Ефремов.

2. За заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Гостивар, се именува Абдулбари Рамадани.

3. За заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Дебар, се именува Петко Василевски.

4. За заменици на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кавадарци, се именуваат:

- Митко Атанасовски и
- Елизабета Мишева - Јорданова.

5. За заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Кичево, се именува Манка Јаневска.

6. За заменици на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Скопје, се именуваат:

- Спасенка Андонова,
- Гордана Ѓешкоска и
- Коле Штерјев.

7. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07- 4516/1
6 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**1467.**

Врз основа на член 37 став 4 од Законот за заштита на личните податоци ("Службен весник на Република Македонија" број 7/2005), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА ДИРЕКЦИЈАТА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ**

1. За заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци, се именува

Зоран Пандев, дипломиран правник.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07- 4517/1
6 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

**1468.**

Врз основа на член 76 став 1 од Уставот на Република Македонија и член 114 став 1, а во врска со членот 116 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 60/2002), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 2005 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ, ЗАМЕНИЦИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ НА КОМИСИИТЕ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

1. Во Одлуката за избор на претседатели, заменици на претседателите, членови и нивни заменици на комисиите на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 92/2002, 98/2002, 37/2003, 39/2003,68/2003, 2/2004, 4/2004, 6/2004, 33/2004, 38/2004, 44/2004, 74/2004, 88/2004, 6/2005, 12/2005, 37/2005, 45/2005, 55/2005 и 86/2005) во точките:

"1.Комисија за уставни прашања, под г) за заменици на членовите: наместо "Недим Рамизи" треба да стои "Назлије Даути";

2. Законодавна-правна комисија, под г) за заменици на членовите: наместо "Недим Рамизи" треба да стои "Назлије Даути";

3. Комисија за одбрана и безбедност, под а) за претседател: наместо "Тито Петковски" треба да стои "Есад Рахиќ";

4. Комисија за политички систем и односи меѓу заедниците, под в) за членови: наместо "Недим Рамизи" треба да стои "Хусеинџеват Хусеини";

5-а). Комисија за европски прашања, под б) за заменик на претседателот: наместо "Недим Рамизи" треба да стои "Јусуф Арифи" и под г) за заменици на членовите: наместо "Орданчо Тасев" треба да стои "Сашо Богдановски";

6. Постојана анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, под в) за членови: наместо "Семијал Хасани" треба да стои "Назлије Даути"

10. Комисија за земјоделство, шумарство и водостопанство, под в) за членови: наместо "Недим Рамизи" треба да стои "Семијал Хасани" и

13. Комисија за култура, под в) за членови: наместо "Хусеинџеват Хусеини" треба да стои "Назлије Даути"."

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4518/1
6 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**1469.**

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија и член 17 од Одлуката за основање делегации, пратенички групи и други облици на остварување на меѓународна соработка на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 85/2002 година), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 2005 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПРАТЕНИЧКИ ГРУПИ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА БИЛАТЕРАЛНА ПАРЛАМЕНТАРНА СОРАБОТКА**

I. Во Одлуката за основање на пратенички групи на Собранието на Република Македонија за билатерална парламентарна соработка ("Службен весник на Република Македонија" број 12/2003, 2/2004, 4/2004, 74/2004, 37/2005, 45/2005, 50/2005, 55/2005 и 86/2005 година) во точките:

"3) Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентите на балтичките земји: Естонија, Летонија и Литванија, под б) членови: наместо "Недим Рамизи" да стои "Назлије Даути" и

17) Пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Србија и Црна Гора, под б) членови: наместо "Недим Рамизи" да стои "Назлије Даути "."

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4519/1
6 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**1470.**

Врз основа на членовите 42 и 43 од Законот за судовите ("Службен весник на Република Македонија" број 36/95 и 64/2003), а во врска со Одлуката за определување на бројот на судиите во основните судови ("Службен весник на Република Македонија" број 6/96), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 6 декември 2005 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА СУДИИ НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ ВО СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ И БИТОЛА**

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на:

- еден судија на Основниот суд - Скопје I - Скопје и
- тројца судии на Основниот суд - Битола.

2. Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во членот 43 од Законот за судовите (државјанин на Република Македонија, кој ги исполнува општите услови определени со закон за заснование на работен однос во орган на државната управа, кој е дипломиран правник со положен правосуден испит, кој ужива углед за вршење на судиската функција и кој има работно искуство со потврдени резултати на правни работи по полагањето на правосудниот испит над пет години), пријавите со потребните документи да ги поднесат до Републичкиот судски совет во рок од 15 дена од денот на објавувањето на Одлуката во "Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија" и во весниците "Нова Македонија", "Утрински весник" и "Македонија денес".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-4520/1
6 декември 2005 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,** с.р.

---

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1471.**

Врз основа на член 70, став 1 од Законот за водните заедници („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.12.2005 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ВОДНАТА ЗАЕДНИЦА „МАРЕНА" - С.МАРЕНА, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

Член 1

Со оваа одлука на Водната заедница „Марена" од с.Марена, општина Кавадарци се пренесува на користење и управување дел од инфраструктурата на раз-

водната мрежа за наводнување од Хидромелиоративниот систем „Тиквеш", со која е опфатена мрежата за наводнување на територијата на оваа водна заедница како површина на земјоделско земјиште од 125 ха, која претставува хидротехничка целина за хидромелиоративната единица врз основа на прегледна карта и тоа:

- две уредени точки (зафатни места) за зафаќање на вода за наводнување од магистралниот канал означени како точка (зафат) СРВ - 14 и точка (зафат) СРВ 15;
- главни бетонски цевководи со вкупна должина од 945 метри и со дијаметар (профил) на цевките од Ф-400; и
- разводна мрежа за наводнување со должина од 2540 метри со бетонски цевковод со дијаметар (профил) на цевките од Ф-200 и пластичен цевковод и со дијаметар (профил) на цевките од Ф-500 до Ф-160.

Член 2

Пренесувањето во владение на водната заедница на инфраструктурата од членот 1 од оваа одлука, ќе го изврши комисија, што со решение ќе ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4307/1
1 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

---

**1472.**

Врз основа на член 70, став 1 од Законот за водните заедници („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.12.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ВОДНАТА ЗАЕДНИЦА „ВИЛАРОВ" - НЕГОТИНО

Член 1

Со оваа одлука на Водната заедница „Виларов" - Неготино се пренесува на користење и управување дел од инфраструктурата на разводната мрежа за наводнување од Хидромелиоративниот систем „Тиквеш", со која е опфатена мрежата за наводнување на територијата на оваа водна заедница како површина на земјоделско земјиште од 958 ха, која претставува хидротехничка целина за хидромелиоративната единица врз основа на прегледна карта и тоа:

- една уредена точка (зафатно место) за зафаќање на вода за наводнување од изливниот базен на Пумпната станица „Марена";
- еден главен цевковод со вкупна должина од 8.202 метри од типот АЦ (азбестоцементен) и со дијаметар (профил) на цевките од Ф-600; и
- разводна мрежа за наводнување со должина од 24.069 метри со цевковод од типот „АЦ" (азбестоцементен) и со дијаметар (профил) на цевките од Ф-250 до Ф-125.

Член 2

Пренесувањето во владение на водната заедница на инфраструктурата од членот 1 од оваа одлука, ќе го изврши комисија, што со решение ќе ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4305/1
1 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**1473.**

Врз основа на член 70 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 51/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.12.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ВОДНАТА ЗАЕДНИЦА "ДУШАН ЌИРИЌ" - РОСОМАН

Член 1

На водната зедница "Душан Ќириќ" од с. Росоман се пренесува на користење и управување дел од инфраструктурата на разводната мрежа за наводнување од Хидромелиоративниот систем "Тиквеш", со која е опфатена мрежата за наводнување на територијата на оваа водна заедница како површина на земјоделско земјиште од 602 ха, која претставува хидротехничка целина за хидромелиоративната единица врз основа на прегледна карта и тоа:

- пет уредени точки (зафатни места) за зафаќање на вода за наводнување од магистралниот канал; и
- пет делнички водови со вкупна должина од 2.028,28 метри (ДВ-27; ДВ-28, ДВ-29, ДВ-30 и ДВ-31) и разводна мрежа за наводнување со должина од 15.114,15 метри со цевовод од типот "АЦ" (азбестоцементен) и со дијаметар (профил) на цевките од Ф-300 до Ф-125.

Член 2

Пренесувањето во владение на водната заедница на инфраструктурата од членот 1 од оваа одлука, ќе го изврши комисијата, што со решение ќе ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4308/1
1 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**1474.**

Врз основа на член 70 став 1 од Законот за водните заедници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 51/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 1.12.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРА ЗА НАВОДНУВАЊЕ НА ВОДНАТА ЗАЕДНИЦА "ХС ДЕМИР КАПИЈА" - ДЕМИР КАПИЈА

Член 1

Со оваа одлука на Водната заедница "ХС Демир Капија" - Демир Капија се пренесува на користење и управување инфраструктурата на каналската мрежа за наводнување како независен хидромелиоративен систем, со која е опфатена мрежата за наводнување на територијата на оваа водна заедница како површина на земјоделско земјиште од 300 ха и која претставува хидротехничка целина за хидромелиоративната единица врз основа на прегледна карта и тоа:

- две точки (зафатни места) за зафаќање на вода за наводнување, еден зафат на реката Дошница и еден времен зафат на вода на реката Бошава, уредени за времено користење;
- отворени земјени канали на потезот зафат на вода на река Дошница - с. Чифлик - Демир Капија во должина од 7.000 метри, канал "Бесвица" 17.000 метри и канал "Церот" во должина од 8.000 метри или со вкупна должина од 32.000 метри, како и разводна мрежа за наводнување од мали земјени вади; и

- деловна просторија за вршење на административни работи (канцеларија) на водната заедница, со површина од 14 $м^2$ (4 x 3,5м), што е дел од објектот на ул. "Маршал Тито" бб во Демир Капија, сместена во објект од цврста градба со површина од 4 x 3,5м.

Член 2

Пренесувањето во владение на водната заедница на инфраструктурата од членот 1 од оваа одлука, ќе го изврши комисијата, што со решение ќе ја формира министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-4306/1
1 декември 2005 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

**1475.**

Врз основа на член 50, став 2 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 51/05), министерот за транспорт и врски донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ПОБЛИСКО ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ГРАДБИ ПО ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ НА ГРАДБИ

Член 1

Со овој правилник поблиску се определуваат градбите од прва, втора, трета, четврта и петта категорија.

Член 2

Градби од прва категорија се:

- нуклеарни централи со придружни објекти и објекти за производство и складирање на радиоактивни материјали;
- термоцентрали со сите придружни објекти;
- центри за истражување со сите придружни објекти;
- телекомуникациски системи (меѓумесни и меѓународни капацитети, базни станици за мобилна телефонија, радио и ТВ предаватели, сателитски центри и објекти за радио и ТВ);
- објекти за производство и преработка на нафта и нафтени деривати, нафтоводи и продуктоводи со придружни објекти (вентилски станици, приемни терминали и неопходните електрични и телекомуни-кациски инсталации);
- магистрални гасоводи со сите придружни објекти (ГМРС, МРС и неопходните машински и електрични инсталации);
- автопат, магистрален пат со сите придружни објекти: мостови, вијадукти, надвозници, подвозници, клучки, пропусти, бензиски пумпи, мотели и автокампови, наплатни станици, автосервиси, одморалишта, автобуски стојалишта, паркиралишта, бази за одржување и пунктови за одржување на патиштата и бази за помош и информации на патиштата (АМСМ, Здружение на возачи и др.);
- главни пруги со сите придружни објекти, постројки и уреди, вброени како железничка инфраструктура, освен индустриските колосеци;
- аеродроми за меѓународен и внатрешен сообраќај и спортски аеродроми со придружни објекти (пристанишна зграда, контролна кула, писта, хангари, магацини, резервоари за гориво, простор за паркирање на авионите, паркиралишта за лесни возила и автобуси и сите неопходни инфаструктурни објекти - електрика, телекомуникации, водовод и канализација);
- брани со сите придружни органи на браната и акумулациите во функција на истите;
- хидроелектрани над 10 МВт со сите придружни објекти;
- далноводи со напонско ниво над 110 кВ;
- депонии за опасен отпад и објекти за уништување на штетни и опасни материи со сите придружни објекти и инсталации и
- индустриски градби во чиј технолошки процес се појавува опасен отпад (хемиска индустрија, градби за производство на метали и неметали, коксари, градби за производство на: целулоза, оловни акумулатори, пестициди, бои и лакови, азбест и азбестни производи, цемент, вар, дрвен јаглен, стакло и стаклена волна, капацитети за преработка на кожа, производство на барут и експлозивна муниција и др.).

Член 3

Градби од втора категорија се:

- градби за вршење на функциите на државата (градби за потребите на државните органи и организации со придружни содржини);
- градби за вршење на функциите на дипломатско-конзуларни претставништва, меѓународни организации и агенции, специјализирани агенции на ООН и Советот на Европа;
- градби од државен интерес за кои Владата на РМ има склучено меѓудржавен договор, кој ја обврзува Република Македонија и градби за кои РМ издава концесии (концесија на минерални суровини, води, пасишта и земјоделско земјиште);
- градби наменети за високо образование (универзитети, факултети, уметнички академии и високо стручни школи, со сместувачки капацитети и други придружни содржини);
- градби наменети за терцијална здравствена заштита (клинички центри, институти, Републички завод за здравствена заштита, максилофацијална, стоматолошки клинички центар и специјална консултативна и болничка здравствена заштита);
- градби наменети за ветеринарна заштита (ветеринарна болница, карантински објекти и објекти за уништување и депонирање на заболени животни);
- регионален пат со сите придружни објекти: мостови, вијадукти, надвозници, подвозници, клучки, пропусти, бензиски пумпи, мотели и автокампови, автосервиси, одморалишта, автобуски стојалишта, паркиралишта, бази за одржување и пунктови за одржување и бази за помош и информации на патиштата (АМСМ, Здружение на возачи и др.);
- гранични премини (објекти за потребите на полицијата, царината, фито-санитарна и ветеринарна инспекција, објекти за карантин, отворени и затворени објекти за контрола на возила, објекти за пасошка контрола, објекти за потребите на шпедитерските служби, терминали за тешки товарни возила, паркиралишта и сите други објекти во функција на граничниот премин, предвидени со урбанистичката документација за граничниот премин);
- хидроелектрани од 2-10 МВт со сите придружни објекти и инсталации;
- трафостаници над 10 кВ со сите придружни објекти и инсталации;
- далноводи до 110 кВ;
- разводна градска гасоводна мрежа со МРС (примарна градска гасоводна мрежа);
- жичари со сите придружни објекти;
- градби за одбраната и заштитата (засолништа за основна, дополнителна и зајакната заштита и системи за дојавување на опасности со придружните содржини);
- регионални водоснабдителни и водостопански системи со сите придружни објекти;
- регионални депонии со сите придружни содржини;
- градби предвидени на две или повеќе општини;
- опсерватории (сите градби за научно-истражувачки дејности) и
- езерски и речни пристаништа со придружни содржини (бензиска станица за пловни објекти, објекти за поправки и сервисирање на пловни објекти).

Член 4

Градби од трета категорија се:

- градби наменети за основно и средно образование со сите придружни содржини;
- градби наменети за спортски дејности со сите придружни содржини;
- градби од областа на културата (библиотеки, киносали, театри) со придружни содржини;
- градби од верски карактер со придружни содржини (верски објекти, гробишта и капели, крематориуми);
- градби наменети за примарна и секундарна здравствена заштита со придружни содржини (општа болница, специјална болница, центри за рехабилитација, завод за здравствена заштита, здравствени станици и здравствени домови);
- градби наменети за социјална заштита со придружни содржини (детски градинки, забавишта, домови за стари лица и пензионерски домови);
- градби наменети за стопанска и индустриска дејност во чиј технолошки процес не се појавува опасен отпад;
- угостителски градби (ресторани, хотели, дискотеки, ноќни клубови, објекти за ноќна забава), деловни, станбени, станбено-деловни, административно-деловни и катни гаражи со височина над три нивоа;
- локални патишта со придружни објекти: мостови, вијадукти, надвозници, подвозници, клучки, пропусти, бензиски пумпи, мотели и автокампови, автосервиси, одморалишта, автобуски стојалишта, паркиралишта, бази за одржување и пунктови за одржување и бази за помош и информации на патиштата и улиците (АМСМ, Здружение на возачи и др.);
- локални пруги и индустриски колосеци со сите придружни објекти, постројки и уреди вброени како железничка инфраструктура;
- локална градска гасоводна мрежа со сите придружни содржини (секундарна градска гасоводна мрежа);
- хидроелектрани до 2 МВт со сите придружни содржини;
- ски - лифтови со придружни објекти;
- локални водоснабдителни и канализациони системи со пречистителни станици и други придружни објекти;
- локални водостопански градби со сите придружни објекти и
- локални депонии за комунален отпад со сите придружни објекти.

Член 5

Градби од четврта категорија се:

- угостителски градби (ресторани, хотели, дискотеки, ноќни клубови, објекти за ноќна забава), деловни, станбени, станбено-деловни, административно-деловни и катни гаражи со височина до 3 нивоа;
- градби за мало стопанство со сите придружни објекти, со височина до две нивоа;
- фарми за одгледување живина, свињи, крави, говеда, овци, кози и др. со придружни објекти;
- сите видови пазари (зелен пазар, сточен пазар, автопазар и др.) со сите придружни објекти;
- трафостаници до 10кВ со сите придружни објекти;
- зоолошки градини со придружни објекти и
- кланици, кафилерии со придружни објекти.

Член 6

Градби од петта категорија се:

- семејни куќи градби предвидени со плановите од член 7 од Законот за просторно и урбанистичко планирање во зони за индивидуално домување);
- потпорни зидови и огради;
- меморијални споменици и спомен обележја со придружни содржини;
- приземни стопански градби (помошни-стопански објекти во склоп на стопанскиот двор);
- киосци (урбана опрема и други видови монтажно-демонтажни градби, гаражи, тремови, настрешници и др.) и
- отворени спортски терени кои со својата површина се поставени рамно на терен (базени, игралишта за фудбал, кошарка, ракомет, тенис и др.).

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 02-16070
15 ноември 2005 година
Скопје

Министер,
**Џемали Мехази**, с.р.

---

**1476.**

Врз основа на член 6, став 9 од Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води ("Службен весник на Република Македонија" бр. 68/04), министерот за транспорт и врски донесе

## МЕТОДОЛОГИЈА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ВОДАТА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ

Член 1

Со оваа методологија се пропишуваат критериумите за утврдување на цената на водата за пиење и за одведување на урбани отпадни води.

Член 2

Цената на водата за пиење и одведувањето на урбаните отпадни води се утврдува врз основа на следните критериуми:

1) потрошената количина на вода за пиење од страна на корисниците на услугата, како просечна и прекумерна потрошувачка која се изразува во $м^3$ и

2) категории на корисници на услугата.

Член 3

Цената на потрошената количина на вода за пиење се утврдува врз основа на:

- фиксни трошоци;
- варијабилни трошоци и
- трошоци за плати и надоместоци.

Висината на фиксните трошоци не зависи од обемот на дејноста и е непроменлива (основна цена), а висината на варијабилните трошоци е променлива и се утврдува во зависност од обемот на извршените активности во водоснабдувањето со вода за пиење од страна на претпријатието (цена по испорачана количина на вода по $м^3$).

Член 4

Под фиксни трошоци се подразбираат;

1) трошоци за одржување и

2) трошоци за развој.

Член 5

Трошоците за одржување ги опфаќаат трошоците за:

1) амортизација - опфаќа редовно годишно депрецирање (амортизирање) на опремата по годишни стапки пропишани со закон;

2) вредносно усогласување - опфаќа редовно годишно усогласување на вредноста на опремата која е предмет на депрецијација врз основа на пазарните показатели за истата;

3) тековно одржување - услуги - опфаќа сите корисни услуги од страна на правни и физички лица за редовно одржување на опремата со која претпријатието управува (сопствена или дадена на користење од страна на општината односно на Република Македонија);

4) инвестиционо одржување - опфаќа сите издатоци за поправка на опремата по основ на одржување на истата која е надвор од редовното одржување (поправка или замена на резервен дел кој е од поголема вред-

ност и е од витално значење за опремата) и ако со таквата поправка не се модернизира опремата туку се задржува истото ниво на користење;

5) хигиенско техничка опрема - опфаќа издатоци за набавување на средства за хигиенско – техничка опрема;

6) осигурување на опрема - опфаќа сите трошоци по основ на премии на осигурување на опремата и на целото претпријатие на годишно ниво;

7) надоместок за користење на вода за пиење - опфаќа надоместок за користење на вода чија висина е утврдена со Законот за води;

8) надоместок за користење на технолошка вода - опфаќа надоместок за користење на технолошка вода чија висина е утврдена со Законот за води;

9) надоместок за лабораториски прегледи за извршени анализи на водата од страна на овластени здравствени установи;

10) надоместок за користење на канализациони системи со пречистителни станици - колекторски системи на отпадните води во општините каде постојат, чија висина ја утврдуваат основачите односно општините; и

11) трошоци за заштита на животната средина околу извориштето и на самото извориште - опфаќа трошоците за одржување, зачувување и унапредување на животната средина околу или на самото извориште.

Член 6

Трошоците за развој ги опфаќаат трошоците за:

- модернизација на постојната или изградба на нова опрема и
- обука и осовременување на постојните и нови кадри.

Член 7

Висината на трошоците за развој ги определува основачот, на предлог на давателот на услугата врз основа на изготвен долгорочен план за капитално инвестирање.

Член 8

Варијабилните трошоци ги опфаќаат:

1) трошоци за материјали и
2) трошоци за услуги.

Трошоци за материјали се:

- материјални трошоци;
- трошоци за енергија;
- транспортни трошоци;
- трошоци за резервни делови;
- трошоци за ХТП опрема;
- трошоци за ситен инвентар и
- трошоци за рекламирање и репрезентација.

Трошоци за услуги :

- услуги од други правни или физички лица;
- банкарски услуги и
- камати.

Член 9

Материјални трошоци се трошоци за:

основни материјали;

- помошни материјали (ситни издатоци по основ на материјали за спроведување на редовното работење);
- канцелариски материјали; и
- материјали за чистење на водоводната мрежа, деловните простории и возилата.

Под трошоци за основни материјали може да се опфатат и трошоците за средства за пречистување на водата во пречистителните станици.

Член 10

Трошоци за енергија се: сите потрошени енергетски горива: нафта, гас, електрична енергија, јаглен и дрва кои се користени за транспорт на вода и смет или за греење и одржување на деловните простории.

Член 11

Транспортни трошоци се трошоците за извршен транспорт од страна на услужни правни и физички лица. Во овие трошоци не влегуваат трошоците за транспорт со сопствени возила.

Член 12

Трошоци за резервни делови се сите набавени и потрошени резервни делови при тековно одржување на опремата.

Член 13

Трошоци за ситен инвентар се редовниот законски отпис на набавениот ситен инвентар.

Член 14

Трошоци за реклама и репрезентација се издатоците за реклама и репрезентација.

Член 15

Трошоци за услуги се:

Трошоци за повремени услуги од правни или физички лица за потребите на претпријатието (за одржување, транспорт, консултантски услуги, лабораториски прегледи и анализи на водата од најразличен вид и слично), трошоци за надомест за вршење на платен промет и други банкарски услуги при издавање гаранции и слично и сите видови на камати по основ на ангажирани средства од банки и други правни лица, освен затезни камати за задоцнето плаќање.

Член 16

Трошоци за плати и надоместоци се:

- трошоци за бруто плата за вработените во претпријатието;
- надоместоци за вработените во претпријатието согласно прописите кои ги уредуваат работните односи; и
- трошоци за ангажирани лица за повремени и привремени работи во претпријатието.

Член 17

Цената на водата за пиење се определува по следните категории на корисници на услугата:

- домаќинства; и
- правни лица.

Висината на фиксните трошоци утврдени со член 4, 5 и 6 од оваа методологија се утврдува независно од категоријата на корисници на услугата, а висината за варијабилните трошоци од член 8 од оваа методологија односно цената по испорачана количина на вода за правните лица се утврдува во зависност од видот и обемот на дејноста и потребите за вода во период од 24 часа како просечна потрошувачка и прекумерна потрошувачка.

Член 18

Оваа методологија влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија."

Министер,
**Џемали Мехази**, с.р.

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на членот 10 од Законот за исплата на платите во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр. 70/94, 62/95, 33/97, 50/2001, 26/2002, 46/2002 и 37/2005), Министерството за труд и социјална политика

## О Б Ј А В У В А

1. Трошоците на живот за месец ноември 2005 година, во однос на месец октомври 2005 година, се пониски за 0,3%.

2. Исплатата на платите за месец ноември 2005 година, во однос на месец октомври 2005 година, работодавците од членот 3 став 1 ја вршат на нивото на правото утврдено за претходниот месец.

Министер,
**Стевчо Јакимовски,** с.р.

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ

**Поединечни и Комплет**

**CD-ROM изданија за**

**2001, 2002, 2003 и 2004 година**




- **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година 5200.00**
- **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година 1500.00**

## ПОРАЧКА

1. Порачувам ______ примерок-ци од **комплет** CD-ROM изданијата.
2. Порачувам ______ примерок-ци од CD ROM изданието за __________ година; ______ примерок-ци од CD ROM изданието за __________ година; ______ примерок-ци од CD ROM изданието за __________ година.

Име и презиме: ____________________________ Назив на фирмата: ________________________________

Адреса: __________________________________________________ Место: ______________________________

Телефон: _________________________ Телефакс: _________________ e-mail: ____________________________

(М.П) Нарачател,

_______________

==================================================================

Доказ за извршена уплата на жиро сметка 300000000188798 и порачката испратете ги на адреса на ЈП Службен весник на РМ, бул. „Партизански одреди" 29, Скопје, п.фах 51 или на телефакс +389-2-311-22-67

## ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ НУДИ

| Р.бр | Изданија | Цена |
|---|---|---|
| 1 | **Збирки на прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004* | |
| а) | **I книга –** *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст).* | 900.00 |
| б) | **II книга –** *(Законите за: комуналните такси; данoци на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност).* | 600.00 |
| в) | **III книга –** *(Редакциски пречистени текстови на Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита.* | 700.00 |
| г) | **IV книга –** *(Закон за управување со отпадот; Закон за квалитетот на амбиенталниот воздух; Законите за заштита на природата)* | 500.00 |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на Законите од областа на локалната самоуправа, 2004, по цена од** | 2100.00 |
| 2 | **Збирка на прописи (редакциска)** *(Законите за: градење; за просторно и урбанистичко планирање; за животната средина)* | 700.00 |
| 3 | **Закон за трговските друштва, со вовед,** *2004* | 800.00 |
| 4 | **Закон за јавните набавки,** *2004* *(со подзаконските акти)* | 200.00 |
| 5 | **Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | 900.00 |
| 6 | **Кривичен законик** *од проф. д-р Методија Камчев (со кратки упатства, објаснувања и регистар на поимите), 2005* | 700.00 |
| 7 | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право ,** *2002* | 150.00 |
| 8 | **Закон за општата управна постапка** (со коментар) *Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | 600.00 |
| 9 | **Закон за работните односи** (редакциска збирка, 2005) | 660.00 |
| 10 | **Закон за извршната постапка** *Д-р С. Георгиевски, 2002* | 300.00 |
| 11 | **Закон за спречување на корупцијата** *Со Закони за ратификација на конвенции* *Д-р Ј. Прославски (со објаснувања), 2002* | 250.00 |
| 12 | **Закон за денационализација** (со коментар, објаснувања и обрасци) *Д-р С. Георгиевски, 2000* | 250.00 |
| 13 | **Збирка на прописи од областа на државјанството** *Д-р Ф. Стоев, М-р М. Лазарова – Трајковска, 1998* | 200.00 |
| 14 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани и рамковен договор)* на македонски јазик (нек повез) | 300.00 |
| | на англиски јазик (нек повез) | 400.00 |
| 15 | **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** | 5200.00 |
| 16 | **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003 и 2004 година** | 1500.00 |
| 17 | **Регистар на прописи на РМ** | 3700.00 |
| 18 | **WEB - базата на прописи од 1945 до денес. www.slvesnik.com.mk** | |

## П О Р А Ч К А Бр. 107

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ______________________________________________

**Место:** __________, **ул.** ____________________, **бр.** ______, **тел./факс** ____________

**Потпис на порачателот**

**Во** _________, _______**2005 година. (М.П.)** ____________________



Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2005 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798. Број за ДДВ МК: 4030987108771.
Депонент: Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: Графички центар КМ Креатив - Скопје.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk